Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ивица Миленковски од Скопје УП2 09-356/23 од 6 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1206 од 24 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1206 од 24 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ивица Миленковски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-356/23 од 6 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1206 од 24 ноември 2023 година на КЕЦ Васил Главинов, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување.

Жалителот потенцира дека потенцира дека поседува комплетна документација за приклучок.

Според Електродистрибуција – нисконапонскиот извод е со голема должина и поради тоа падот на напонот е над пропишаните граници, односно dU = 13,4%. Нема одобрение или решение за легализација и за опфатот нема урбанистичка планска документација. Станува збор за рурална средина односно село Дивље каде процентот за идни потенцијални баратели е мал, и во овој момент нема изградено нови објекти за кои би се барало приклучок од други потенцијални баратели.

Дополнително, доколку се издаде Решение за согласност за приклучок, за реализација на приклучокот неопходно е реконструкција на дел од надземната нисконспонска мрежа (промена на два дрвени столбови од кои, еден А3 и еден бетонски носив).

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 11 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-356/23 од 6 декември 2023 година со прилог:

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 13 декември 2023 година со прилог:
-Барање за согласност за приклучок
-GIS Скица
-Имотен лист
-Потврда за потреба од пумпа за наводнување
-Фотографии од објектот
-Извештај за оптовареност на трафостаница
-Извештај за пад на напон

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, вредностите на падот на напонот се над дозволените граници, а и нисконапонскиот извод е со голема должина.

Согласно член 74 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) техничките карактеристики на местото на приклучување во дистрибутивниот систем подразбираат технички услови кои се однесуваат на отстапување на напонот.

Согласно ставот (2) од истиот член, корисник кој бара приклучок на дистрибутивната мрежа на местото на приклучување мора да ги исполни техничките услови од став (1) од овој член.

Согласно член 76 став (2) точка 1), пропишаните граници на отстапување од номиналниот напон во нормален режим на работа се ±10% за низок напон (0,4 kV).

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–356/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и**
**услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**